20353

pres-kliping • press-clipping
1952 — 1972
NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1
Isečak iz lista
Newspaper cutting
ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
11. Jul 1972

### МАРТИНОВСКИ ВО ВАРШАВА ИДНАТА ГОДИНА?

# Одложена изложба

Како што е познато до крајот на првата половина на оваа година во еден од најдобрите изложбени ликовни салони во Варшава требаше да биде отворена импозантна самостојна изложба на доајентот на современото македонско сликарство, академикот **Никола Мартиновски.**

Меѓутоа, до реализацијата на оваа изложба не дојде поради болест на нашиот истакнат ликовен уметник, но дознавме дека варшавските организатори се спремни на Мартиновски термин за презентирање на оваа изложба да му обезбедат во оној момент кога тој ќе биде во можност истата целосно да ја подготви. Најверојатно е дека до реализација на оваа изложба ќе дојде дури во почетокот на идната година.

